# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА РАКОПИСОТ ЗА ПРАКТИКУМ „ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА, УМЕТНОСТ И УРБАНИЗАМ 2” ОД АВТОР ВОН. ПРОФ. Д-Р ПЕТАР НАМИЧЕВ, ФАКУЛТЕТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ РАБОТИ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачка дејност на Универзитет „Гоце Делчев” во Штип, како и Одлука бр. 1702- 41 /28 од 2.2.2015 на 1. редовна седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, одржана на 28.2.2015 година, избрана е Рецензентска комисија во состав:

- вон.проф. д-р Катерина Деспот од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип;
- доцент д-р Васка Сандева од Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип,

за изготвување на извештај – рецензија на приложениот ракопис практикум „Историја на архитектура, уметност и урбанизам 2” од авторот вон. проф. д-р Петар Намичев, наменет за студенти на прв циклус студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата од Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот:** Насловот на ракописот за практикумот е **„ИСТОРИЈА НА АРХИТЕКТУРА, УМЕТНОСТ И УРБАНИЗАМ 2”**, а предметот е со наслов Историја на архитектура, уметност на урбанизам 2 и се слуша во IV семестар како задолжителен предмет, со фонд на часови 2+2+1. Материјалот кој е опфатен во ракописот е во согласност со Наставната програма по предметот Историја на архитектура, уметност и урбанизам 2 и ја опфаќа наставната материја за студиската програма за која е наменет.

**Податоци за обемот на ракописот:** Материјалот е презентиран на 94 страници во А4 формат со нормален проред, во 3 тематски поглавја, а содржи 203 цртежи и илустрации. Обемот на ракописот по содржина ги задоволува критериумите според бројот на часови и според одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов:** Ракопис со ист или сличен наслов досега е објавен.

**Краток опис на содржината:** Презентираниот материјал во трудот опфаќа 94 страници, поделен во три целини каде што се опфатени историските периоди од проучувањето на историјата на архитектурата и уметноста.

Практикумот содржи материјал првенствено за студентите по архитектура и уметност, кои за време на вежбите треба да користат одредени податоци и цртежи за полесно да ја совладаат предвидената материја со наставната програма. Материјалот е презентиран во обем и форма што треба да дадат една јасна слика, подеднакво од сите стилски правци во новиот век

Во првиот дел е презентиран развојот на архитектурата, уметноста и урбанизмот во 18 и 19 век. Материјалот го опфаќа периодот на развојот на стилските правци: рококо, класицизмот, неокласицизмот, романтизмот, реализмот во рамките на развојот на архитектурата и уметноста, како и влијанието на конструктивизмот и рационализмот во историјата на архитектурата. Овие историски периоди се застапени преку одредени примери со одредени најзначајни податоци и илустрации кои го презентираат дадениот период. Прегледот на понатамошниот развој на историјата на архитектурата и уметноста

продолжува преку презентација на податоци и илустрации на одредени најзначајни автори, архитекти, уметници, каде што се согледуваат основите на формирањето одредени стилски правци, развој на историските градби, профани градби, уметнички дела и сл. Притоа материјалот кој е прзентиран содржи оригинални планови, нацрти, скици, цртежи и детали од најзначајните градби од различните стилски периоди. Интензивниот развој на архитектурата и уметноста го следиме во новиот век преку презентација на одредени значајни уметнички школи, како Баухаус, или развојниот пат и творештвото на највлијателните архитекти во светот во 20 век: Волтер Гропиус Френк Лојд Рајт, Мис Ван дер Рое и Корбизие. Одредените стилски карактристики на овие автори се презентирани преку нивната комплексна форма, стилските карактеристики на архитектонските елементи, и други автентични форми на уметничко изразување кои ќе остават голема трага и влијание врз понатамошниот развој. На овој материјал са надоврзуваат монументалните градби од архитектите Алвар Алто, Оскар Нимаер и други совремни архитекти кои ќе поставаат одредени стандардни форми и естетски елементи, кои ќе се копираат или стилизираат во понатамошната архитектонска форма. Презентираниот материјал опфаќа презентација на одредени карактеристични типови на градби, каде што се применети одредени оригинални техники и технологија на градба.

Третиот дел се однесува на презентирање на развојот на архитектурата и уметноста на тлото на Република Македонија. Овој дел опфаќа области од творештвото на османлиските градби во урбаните центри, каде што се презентирани најзначајните градби од јавни објекти и сакрални градби, со одредени стилски карактеристики. Периодот на првата половина на 20 век опфаќа голем временски период со голем број на автори, но во рамките на обемот на овој труд се презентирани најзначајните, со најбитните контруктивно-естетски карактеристики. Притоа се илустрирани најзначајните станбени градби од периодот на развојот на традиционалните градби во урбаната и руралната средина, каде што се опфатени најзначајните просторни, архитектонско- конструктивни и декоративни особности на градбите во приодот на 19 и почетокот на 20 век.

На овој начин, на корисникот на овој труд му се дава општ преглед на презентираниот материјал, со главните карактеристични градби за архитектонското творештво. Материјалот при презентацијата, иако обемен, е селектиран во рамките на капацитетот и наставната програма на учебникот за овој предмет.

Од презентираниот материјал може да се заклучи дека се опфатени сите наведени стилски и витални карактеристики на нивниот развој, преку архитектонското, уметничкото и урбаното творештво на териториите каде што било присутно.

На крајот од ракописот, авторот наведува 19 наслови на литература кои се користени при пишувањето на ракописот.

## З А К Л У Ч О К

Од напред изнесеното, Комисијата констатираше дека практикумот со наслов **„Историја на архитектура, уметност и урбанизам 2"**, пријавен од авторот **вонр. проф. д-р Петар Намичев,** е напишан според програмската содржина на предметот за кој е наменет, ги задоволува критериумите за објавување според обемот кој е застапен за одреден период и ќе биде од голема корист на студентите за совладување на наставните содржини по истиот.

Врз основа на напред изнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки да го прифати рецензираниот ракопис учебник-практикум со наслов **„Историја на архитектура, уметност и урбанизам 2", пријавен од авторот вон.проф. д-р Петар Намичев и истиот да го одобри за користење како учебно помагало рецензиран практикум, а воедно и да им предложи на органите на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, негово соодветно издавање.**

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Д-р Катерина Деспот, вон.проф. с.р.**
**Д-р Васка Сандева, доцент с.р.**